УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

ISSN 1857-7229

ГОДИШЕН ЗБОРНИК
YEARBOOK

ГОДИНА 2 **VOLUME II**

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ГОДИШЕН ЗБОРНИК
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
YEARBOOK
FACULTY OF LAW

За издавачот
Проф. д-р Јован Ананиев

Издавачки совет
Проф. д-р Саша Митрев
Проф. д-р Блажо Боев
Проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Проф. д-р Јован Ананиев
Доц. д-р Љупчо Сотироски
М-р Ана Никодиновска Крстевска

Редакциски одбор
Проф. д-р Јован Ананиев
Доц. д-р Љупчо Сотироски
Доц. д-р Борка Тушевска
М-р Ана Никодиновска Крстевска

Главен уредник
Проф. д-р Јован Ананиев

Одговорен уредник
Доц. д-р Љупчо Сотироски

Јазично уредување
Даница Гавриловска-Атанасовска
(македонски јазик)

Техничко уредување
Славе Димитров
Благој Михов

Печати
Печатница „2-ри Август“ - Штип
Тираж - 300 примероци

Редакција и администрација
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
Правен факултет
ул. „Крсте Мисирков“ бб
п. фах 201, 2000 Штип
Р. Македонија

Editorial board
Prof. Saša Mitrev, Ph.D
Prof. Blazo Boev, Ph.D.
Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D.
Prof. Jovan Ananiev, Ph. D
Ass. Prof. Ljupčo Sotiroski, Ph. D
Ana Nikodinovska Krstevska, M.A.

Editorial staff
Prof. Jovan Ananiev, Ph. D
Ass. Prof. Ljupčo Sotiroski, Ph. D
Ass. Prof. Borka Tuševska, Ph. D
Ana Nikodinovska Krstevska, M.A.

Managing editor
Prof. Jovan Ananiev, Ph. D

Editor in chief
Ass. Prof. Ljupčo Sotiroski, Ph. D

Language editor
Danica Gavrilovska-Atanasovska
(Macedonian)

Technical editor
Slave Dimitrov
Blagoj Mihov

Printing
„Vtori Avgust“ - Stip
Printing No 300
Address of the editorial office

Goce Delcev University – Stip
Faculty of law
Krste Misirkov b.b.,
PO box 201, 2000 Štip,
R. of Macedonia

СОДРЖИНА

д-р Јован АНАНИЕВ
Анализа на демократскиот капацитет на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија 5

д-р Марко АНДОНОВ
Некои аспекти на застапувањето на акционерите согласно законот за трговски друштва 21

м-р Димитар АПАСИЕВ
Ius Naturale подзаборавениот правец во философијата на правото 33

м-р Владимир АРСОВ
Големата повелба за народите од 1215 година. Историски развој и нејзиното значење за развојот на уставното право како гранка на правото во Англија и светот 53

д-р Снежана БИЛИЌ-СОТИРОСКА
Потребата од промена на компетенциите во развојот на човечките ресурси во пострецескиот период 65

д-р Ненад ГАВРИЛОВИЌ
Концептуални постановки на непосредното и посредното застапништво, vis-à-vis откриеното и неоткриеното застапништво 77

м-р Илија ГРУЕВСКИ
Технологијата како фактор на економскиот раст низ правците на економската теорија 105

м-р Олга ЃУРКОВА
Влијанието на римскиот казненоправен систем врз модерните казнени системи 117

м-р Кристина МИШЕВА
Ликвидација на отворени инвестициски фондови 127

д-р Андон МАЈХОШЕВ
Правно уредување на плата во меѓународните инструменти и во националното законодавство на Република Македонија 137

м-р Марија РАДЕВСКА
Концепт на нематеријална штета – правна регулатива и правни тенденции 147

м-р Ана НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА
Концептот на нормативна моќ на Европската унија 163

д-р Страшко СТОЈАНОВСКИ
Основни претпоставки за поставеноста на правниот систем во рамките на доцноосманлиската империја 173

д-р Борка ТУШЕВСКА
Мерки на одбрана на акционерските друштва од преземање контрола 189

Меѓународни односи и евроинтеграции УДК: 340.114(4-672 EU)
Научен труд **Original research paper**

м-р Ана НИКОДИНОВСКА КРСТЕВСКА

M.A., Ana NIKODINOVSKA KRSTEVSKA

КОНЦЕПТОТ НА НОРМАТИВНА МОЌ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Апстракт: Неспорниот меѓународен протагонизам на Европската унија, заедно со заложбата да промовира вредности и принципи во поширокиот свет, ја прави Унијата да се разликува и да отскокнува од традиционалните актери во меѓународните односи, при што таа е претставена како нов вид на моќ во меѓународниот систем. Оваа улога на ЕУ, предводена од етика на одговорноста, во литературата се здобива со различни епитети како цивилна моќ, сила за доброто, нормативна моќ, структурна сила, трансформативна моќ, етичка моќ, специфична империја и сл. Во овој труд фокусот го насочуваме кон концептот на нормативната моќ на Европската унија при истражување на специфичната улога на ЕУ, заснована на нејзината уникатна нормативна база и на својот *sui generis* карактер на поствестфалски ентитет. На крајот од трудот прикажуваме со помош на скала на континуум, тројна спецификација (цивилна моќ, нормативна моќ и етичка моќ) на меѓународната улога на ЕУ.

Клучни зборови: *нормативна моќ на ЕУ, цивилна моќ, етичка моќ, Европска унија, меѓународен актер, надворешна политика на ЕУ, вредности и принципи*

THE CONCEPT OF NORMATIVE POWER EUROPE

Abstract: The undoubtful international protagonism of the European Union, together with the engagement to promote values and principles in the wider world, makes the Union differ from the traditional actors in International relations, whereby the EU is represented as a new power in the International system. This specific role of the EU, driven by the 'ethics of responsibility', has earned different epithets in the literature such as civil power, power for good, normative power, structural power, transformative power, ethical power, specific empire etc. The focus of this paper is addressed to the concept of Normative power Europe, in order to study the specific role of the EU, based on its unique normative basis and its *sui generis* character of a post-Westphalian

entity. At the end of the paper with the help of a continuum scale is projected a triple specification (civilian power, normative power and ethical power) of the EU's international role.

Key words: *Normative Power Europe, Civil Power, Ethical Power, European Union, International actor, European Foreign Policy, values and principles*

Вовед

Европската унија денес претставува еден од главните протагонисти на светската меѓународна сцена (Sjösted, 1997; Manners and Whitman, 1998). Таа претставува специфичен актер[1] кој значително отскокнува и се разликува од традиционалните актери во меѓународните односи и, спротивно на реалистичките видувања за класичните актери во меѓународните односи, таа се однесува според одреден сет на динамички, одредливи вредности, принципи и погледи кон светот, врз основа на кои го зазема местото на еден необичен меѓународен актер кој поседува различни ставови во меѓународната светска политика, водени од принципот на „етика на одговорноста"[2]. Специфичниот хибриден институционален систем што ја карактеризира како посебен субјект - субјект *sui generis* во меѓународните односи (Hill & Smith, 2011:4) и сопствените идеали на „глобална цивилна моќ"[3] и на „сила за доброто"[4], ја предодредуваат Европската унија да настапува на глобалната сцена како актер со специфичен идентитет кој промовира специфични нормативни вредности во својот однос со останатите меѓународни актери. Заради овие нејзини карактеристики, овој неидентификуван политички објект[5] во литературата за надворешната политика и во евроинтеграциските процеси добива различни епитети започнувајќи од концептот на цивилна моќ (Duchêne, 1972), воена моќ (Bull, 1982), нормативна моќ (Manners, 2002), структурна сила (Keukeleire, 2002), сила за доброто (Jørgensen &

[1] Според концептот на актерство на Сјостед (1997:20), ЕУ претставува специфичен актер во меѓународните односи затоа што акциите кои ги презема произлегуваат од системот на Заедницата и истите во значителна мера, се израз на идентитетот на Европската заедница како целина, наместо прост збир од нејзините делови.

[2] Javier Solana, "Shaping an effective EU foreign policy", speech at the Konrad Adenauer Foundation, Brussels, 24 January 2005.

[3] "…We must aim to become a global civil power…", Romano Prodi, "000 – 2005: Shaping the New Europe", speech at the European Parliament, 15th February 2000.

[4] "…Acting together, the European Union and the United States can be a formidable force for good in the world…" in *European Security Strategy "A Secure Europe in a Better World"*, Council of the European Union, 8 December 2003, pp. 15.

[5] Helen Drake, *Jacque Delors. A Political Biography, describing the EU as unidentified political object*. (2000), pp. 7.

Laatikainen, 2004), етичка моќ (Aggestam, 2008), специфична империја (Zielonka, 2011), квалитативно различен актер во светската политика (Lucarelli, 2006), трансформативна моќ (Grabbe, 2006), итн.

Концептот „нормативна моќ на Европа“

Почетоците на теоризациите за Европската унија како различен субјект во меѓународните односи потекнуваат од Франсоа Дишен (François Duchêne) уште во седумдесеттите години на минатиот век. Дишен беше меѓу првите што ја забележа и што ја теоризира оваа несекојдневна улога на Европската зедница, дефинирајќи ја како **„цивилна моќ – Европа”** (Duchêne, 1972). Според него, овој концепт ја претставува Европската заедница како сила заснована на внатрешно-политички достигнувања и хармонизација, која негира употреба на воени средства за достигнување на своите надворешни и безбедносни цели и која промовира различен меѓународен идентитет заснован на нејзината „цивилизирачка улога“. Како што Манерс (Manners, 2002:237) и Нунес (Nunes, 2011:4), понатаму ќе го парафразираат, основите на оваа цивилна димензија се вкоренети во периодот на Студената војна и во времето на стратешката зависност на Западна Европа од НАТО. Оваа констелација ѝ остави простор на Европската заедница да остане цивилна моќ[6], која според на Дишен „*мора да биде сила за меѓународно ширење на цивилни и демократски стандарди или во спротивно ќе стане жртва на силите на моќта*“. Цитирајќи ги Кенет Твичет и Ханс Мол, Манерс (2002:236-7) ги наведува трите основни карактеристики кои ја определуваат цивилната моќ, и тоа: 1. приматот на дипломатската соработка во решавање на меѓународните проблеми, 2. централноста на економската моќ за достигнување на националните цели и 3. волјата да се користат супранационалните институции за да се достигне меѓународен прогрес. Овие особености се надополнуваат со други три карактеристики и тоа: 1. националниот интерес дефиниран од граѓаните, 2. надворешната политика заснована на национални вредности и 3. строгите услови во однос на употреба на сила. Во однос на последното, промовирајќи ја Европската унија како различен актер во меѓународните односи, Карен Смит (2008) ѝ придава уште една карактеристика на ЕУ, односно одрекувањето од употреба на сила меѓу земјите.

Тргнувајќи од концептот на „ЕУ како цивилна моќ“, триесет години подоцна Манерс ќе изврши реконцептуализација на нејзиното влијание

[6] Спротивно на тоа, Нунес (2011:4) вели дека негирањето на употребата на воени средства настанува повеќе како последица од специфичниот политички момент во којшто се наоѓала ЕУ, отколку како последица на рационална одлука за цивилна моќ.

и воопшто на улогата на ЕУ како меѓународен актер.[7] Па така, Манерс (2002) прв го воведува **концептот на „нормативна моќ на Европа“** според кој нормативната моќ претставува идеолошка моќ на Европската унија којашто се состои во способноста на Европската унија да ги обликува концептите и концепциите на „она што се смета за нормално“ во меѓународните односи.[8]

Концептот се заснова на уникатната нормативна база[9] на Европската унија – длабоко вкоренета во својата историја и врз својот *sui generis* карактер на поствестфалски ентитет (Manners & Whitman, 1998:232; Manners, 2002:240-1; Whitman, 2011:5-7). Преку опишување на концептот на „ЕУ како нормативна моќ“ Манерс се обидува да ги надмине недостатоците на стариот концепт на „ЕУ како цивилна моќ“ кои, според него, се ориентирани кон вестфалските концепти на државност, односно кон објективно разбирање на моќта и кон рационалните интереси како движечка сила за надворешните политики. Напротив, поимот на „нормативна моќ“ вклучува разбирање на моќта како „моќ на убедување“, како „идеолошка моќ“ *(idée force)* којашто цели да ја надмине дебатата за државност преку разбирањето на меѓународниот идентитет на ЕУ[10] (Manners, 2002:239). Токму овој специфичен идентитет ѝ овозможува на Унијата да промовира рационално-вредносно надворешно однесување на меѓународната сцена, преку кое ги шири универзалните вредности на мирот, на демократијата, на владеење на правото и на човековите права.[11]

[7] Манерс (2006а:184) го развива концептот за нормативната моќ на ЕУ како одговор на релативното отсуство на нормативно теоризирање и со цел да промовира нормативни пристапи кон Европската унија.

[8] Низ призмата на „нормативното“, „нормата“ е дефинирана како принцип на правилна акција којашто може да се толкува од различни етички перспективи (Forsberg, 2011:1189). Имено, „нормата“ значи „нормално“ или „да се биде нормално“, иако концептот на „нормално“ е различно прифатен од различни актери, како на пример, за Германија и за Јапонија е сосема „нормално“ да се стане традиционален актер во меѓународните односи.

[9] Нормативната база на Унијата се состои од пет клучни норми и тоа: мир, слобода, демократија, владеење на правото, човекови права и основни слободи и четири помали норми, и тоа: социјална солидарност, забрана за дискриминација и заштита на малцинствата, одржлив развој и добро владеење (Manners, 2002:242 -244).

[10] Манерс вели дека со процесот на европската интеграција се измени она што се смета за „нормално“ во светската политика односно со постоење на ЕУ како различен ентитет во светот на државите и во меѓународните односи меѓу нив, Еропската унија го менува „нормалното“ т.е. она што се смета за „нормално“ во меѓународните односи (2008:1).

[11] Според Лукарели и Манерс (Lucarelli & Manners, 2006) овие принципи не се ексклузивно европски, туку ги рефлектираат универзалните принципи кои се интернализирани од страна на ЕУ и се претворени во водечки принципи на нејзините надворешни односи. Врз основа на тоа, ЕУ како нормативна моќ се заснова на космополитското право, со што се обидува да ги надмине политиките на моќта преку зацврстување не само на меѓународното, туку и на космополитското право, акцентирајќи ги правата на човекот и не само правата на државите за суверена еднаквост (Sjursen, 2006:249).

Овој космополитски поредок врз кој се темели Унијата, се заснова на кооперативната безбедност и на мултилатерализмот и се потпира на меѓународните институции коишто се залагаат за заштита на човековите права и за промоција на супранационализмот (Smith, 2008:15).

Понатаму, акциите што ги спроведува Европската унија се предводени од нормативни норми и вредности и не претставуваат присилни акции, иако, спротивно на тоа, Мерлинген (Merlingen, 2007) - кој е еден од критичарите на концептот на нормативната моќ на ЕУ, вели дека истите се заложници на материјални интереси и на стратешки пресметки кои ја потхрануваат нејзината нормативна агенда, при што Европската надворешна политика ја истоветува со надворешните политики на која било друга сила.

Покрај тоа, концептот на нормативна моќ е обид да се сугерира дека не само што Европската унија е создадена на нормативна база, туку дека по претпоставка таа ќе се однесува на нормативен начин во меѓународните односи. Ова се заснова на опсервацијата дека најважниот фактор што ја обликува меѓународната улога на ЕУ не е она што таа го прави ниту пак она што таа го зборува, туку едноставно она што таа го претставува – односно единствен меѓународен ентитет којшто ги надминува поимите на држава и на меѓународно.[12]

За разлика од дефиницијата на Манерс за нормативната моќ на ЕУ, според која единствено нормативната база на ЕУ ја прави Унијата да биде нормативна, дефиницијата на Точи (Tocci 2008:15) ни дава поцелосна слика, односно според неа нормативната сила е претставена од нормативната надворешна политика на еден меѓународен актер, којшто ги следи нормативните цели преку нормативни инструменти и притоа постигнува одредено нормативно влијание. Врз основа на тоа, нормативната моќ на ЕУ се согледува и во позитивниот исход од нејзиното присуство и политичко дејствување во надворешните односи. Имено, преку медијаторство и посредување во спорови и конфликти, преку употреба на разни економски стимуланси или помош, или преку одвраќање и/или воздржување од употреба на сила при спроведување на одредени политички промени, таа настапува како актер со нормативна моќ. Најочигледен пример за тоа е проширувањето на Унијата, преку кое всушност Европската унија успеа да го обедини европскиот контигент и

[12] Врз основа на тоа, Манерс (2002:252) го надополнува концептот на нормативна моќ на ЕУ, придавајќи му три карактеристики и тоа: онтолошки квалитет (дека ЕУ може да се концептуализира како менувач на норми во меѓународниот систем); позитивистички квалитет (дека ЕУ делува со цел да ги смени нормите во меѓународниот систем) и нормативен квалитет (дека ЕУ треба да делува со цел да ги прошири своите норми во меѓународниот систем).

да обезбеди мир во последните 60 години.[13] Следствено на тоа, Манерс (2002) продолжува да го опишува концептот на нормативна моќ како концепт кој е спротивен на концептот на воена моќ[14], односно на силата и на стратешките интереси и спротивно на нив ги објаснува надворешните и политичките цели на Унијата и видовите на безбедносна соработка, врз основа на кои, ЕУ *„придонесува за мирот, безбедноста, за одржливиот развој на Земјата, солидарноста и заедничката почит меѓу народите, слободна и праведна трговија, искоренување на сиромаштијата и заштита на човековите права, особено правата на детето, како и за строго почитување и развој на меѓународното право, вклучително и почитување на начелата од Повелбата на Обединетите нации"*.[15] Но, иако нормативната моќ на ЕУ е спротивна на концептот на воена моќ, тој сепак не ја изоставува можноста Европската унија да располага со воена сила во помали размери[16]. Доколку се надмине оваа рамнотежа, т.е. воената моќ започне да преовладува, тогаш концептот на нормативна моќ ќе ја изгуби легитимноста, а со тоа и ефективноста во убедување и/или условување на другите да ги инкорпорираат европските норми (Bickerton, 2011).

Во контекст на тоа, нормативниот концепт врз кој се гради и се дополнува Европската унија, исто така е претставен и од сопствениот официјален дискурс и реторика (Nunes, 2011:6). Па така, Романо Проди – претседател на Европската комисија (1999 – 2004) во својот говор пред Европскиот парламент, по повод инаугурацијата на новиот состав на Европската комисија, изјави дека „*Европа има потреба да го шири својот општествен модел кон надворешниот свет, за да ги заштити интересите на другите ... и дека Европа мора да се стреми да стане глобална цивилна моќ, која ќе биде во служба на одржливиот глобален развој"*[17]. Истата улога на Европската унија се потврдува и во Европската безбедносна стратегија од 2003 г., во која стои дека „... *настапувајќи*

[13] Види фуснота бр. 10.

[14] Концептот на воена моќ произлегува од критиките на Hedley Bull (1982) насочени кон Дишеновиот концепт на цивилна моќ. Имено, гледано низ перспективата на „враќање кон политиката на моќта" во 80-тите години, Бул вели дека цивилната моќ на ЕЗ била условувана од воената моќ на земјите-членки, односно дека доколку ЕУ сака да биде вистински актер во меѓународните односи, наместо да се потпира на САД или пак на НАТО алијансата, треба да создаде сопствен воен капацитет врз основа на кој ќе настапува независно во односите со другите земји и со помош на кој ќе ги шири и промовира сопствените вредности во поширокиот свет.

[15] Член 2, точка 5 од Консолидираната верзија на Лисабонскиот договор.

[16] Милитаризацијата на ЕУ се оствари во 2003 година преку воспоставување на *Единиците за брза интервенција,* односно подоцна *Борбените групи на ЕУ* (Manners, 2006:183).

[17] Види фуснота бр. 3.


заедно со Соединетите Американски Држави, двете земји можат да бидат извонредна добротворна моќ во светот...".[18]

Следствено на тоа, концептот на нормативната моќ на ЕУ дополнително еволуира во литературата, при што Ејџстем (2008) го развива својот **концепт за „етичка моќ на ЕУ"**, според кој Унијата претставува космополитска сила којашто е карактеризирана од глобалното влијание и од моралниот квалитет на вредностите и принципите содржани во нејзините политики, кои се фокусираат на глобалната акција за подобрување на човековата благосостојба. Имено, Ејџстем прави концептуално поместување на Европските улоги и аспирации, при што етичката моќ на Европа, за разлика од Манерс, е претставена од она што таа го „прави" наместо од она што е таа. Со тоа Ејџстем го надминува цивилниот и нормативниот карактер на Унијата и развива пристап којшто се занимава со нејзиното политичко однесување, каде воената моќ се јавува како негова основна карактеристика. Врз основа на тоа, Ејџстем утврдува дека надворешните улоги на ЕУ се обликувани од концепции на етичка одговорност, вкоренети во меѓународните норми и заштитени од инструментите на меѓународната соработка, врз основа на кои ужива поголем валидитет.

На крај, со цел да добиеме појасна слика за меѓународната улога на Европската унија, ќе ги прикажеме различните концепти на ЕУ долж еден континуум, при што како нивна одредница ќе ја земеме можноста и расположливоста на Европската унија за употреба на сила во меѓународните односи. Па така, целосното одрекување од употреба на сила, кое беше карактеристично за периодот на Студената војна, ѝ ја придава улогата на цивилна моќ на Европската унија, на *mission civilisatrice* односно на економски гигант, предводен од цивилните и демократски стандарди во својот *raison d'être* во меѓународните односи. Додека, ограниченото располагање и употреба на сила во промоција на своите вредности и принципи, иако спротивставено, но не и оспорено од ЕУ, ја лоцира Европската унија во средината на континуумот, при што ѝ го придава атрибутот на нормативна моќ Европа, врз основа на која Европската унија ги менува концепциите на она што се смета за „нормално" во меѓународните односи, односно ги поставува сопствените „правила на игра" (Keukeleire & MacNaugahatan, 2008:27). И, како последна точка од континуумот, ќе го најдеме концептот на етичка моќ на ЕУ, кој дозволува и овозможува, и уште повеќе, предвидува, употреба на сила во достигнување на алтруистичките цели *„milieu goals*" на Унијата во поширокиот свет.

[18] Види фуснота бр. 4.

Приказ бр. 1



Цивилна моќ Нормативна моќ Етичка моќ

Наместо заклучок

Во интервјуто спроведено на Жозе Мануел Баросо (José Manuel Barroso) – претседател на Европската комисија, од страна на Џон Питерсон (John Peterson) – професор по меѓународна политика на Универзитетот во Единбург, за проектот *EU – CONSENT* на 17 јули 2007 година, на поставеното прашање за улогата на Европската унија како глобален актер, Баросо одговара:

„*...Европа е многу помоќна денес отколку што беше пред 20 и повеќе години... Во однос на нормативната моќ, целосно се сложувам: дека ние сме една од најважните, ако не и најважна нормативна моќ во светот...*“

Документи:

European Security Strategy „*A Secure Europe in a Better World”*, Council of the European Union, 8 December 2003, pp. 15.

Interview of José Manuel Barroso, President of the European Commission by John Peterson, 17 July 2007, EU – Consent.

Javier Solana, „Shaping an effective EU foreign policy”, speech at the Konrad Adenauer Foundation, Brussels, 24 January 2005.

Romano Prodi, „2000 – 2005: Shaping the New Europe”, speech at the European Parliament, 15th February 2000.

Консолидирана верзија на Договорот од Лисабон, Konrad-Adenauer-Stiftung во Република Македонија, Винсент – Графика, Скопје, 2011.

Литература:

AGGESTAM, Lisbeth, (2008). „Introduction: Ethical power Europe?”, *International affairs,* 84(1), 1 – 11.

BICKERTON, Chris J. (2011). „Legitimacy Through Norms: The Political Limits to Europe’s Normative Power”, **in** Whitman, Richard G. (ed.) *Normative Power Europe. Empirical and Theoretical Perspectives*, Basingstoke: Palgrave Macmillan, 25 – 44.

BULL, Hedley, (1982). „Civilian Power Europe. A contradiction in terms?”, *Journal of Common Market Studies,* 21(2), 149 - 170.

DIEZ, Thomas, ALBERT, Mathias & STETTER, Stephan (eds.), (2008). *The European Union and Border Conflicts. The Power of Integration and Association,* Cambridge: Cambridge University Press.

DRAKE, Helen, (2000). *Jacques Delors. A Political Biography, describing the EU as unidentified political object*, New York: Routledge.

DUCHÊNE, François, (1972). „Europe's Role in World Peace", **in** Mayne, R. (ed.) *Europe Tomorrow: 16 Europeans look ahead,* London: Fontana, 32 – 47.

FORSBERG, Tuomas, (2011). „Normative Power Europe, Once Again: A Conceptual Analysis of an Ideal Type", *Journal of Common Market Studies*, 49(6), 1183 – 1204.

GRABBE, Heather, (2006). *The EU's Transformative Power. Europeanization through Conditionality in Central and Eastern Europe*, Basingstoke: Palgrave Macmillan.

HILL, Christopher, (1993). „The Capability – Expectations Gap, or Conceptualizing Europe's International Role", *Journal of Common Market Studies*, 31(3), 305 – 328.

HILL, Christopher & SMITH, Michael, (2011). „International Relations and the European Union: Themes and Issues", **in** Hill. C. and Smith. M. (eds.) *International Relations and the European Union*, Oxford: Oxford University Press, 3 – 21.

HYDE-PRICE, Adrian, (2008). „A 'tragic actor'? A realist perspective on 'ethical power Europe", *International Affairs,* 84(I), 29 – 44.

JØRGENSEN, Knud Erik & LAATIKAINEN, Katie Verlin, (2004). „The EU & the UN: Multilateralism in a New Key?", *Second Pan-European Conference on EU Politics*, Bologna.

KEUKELEIRE, Stephan, (2002). „Structural Foreign Policy", *ECPR Pan-European conference on European Union politics,* Bordeaux, France.

KEUKELEIRE, Stephan & MACNAUGHTAN, Jennifer, (2008). *The Foreign Policy of the European Union*, Basingstoke: Palgrave Macmillan.

LUCARELLI, Sonia, (2006). "Interpreted values: a normative reading of the EU role conceptions and performance", **in** Elgström, O. & Smith, M. (eds.) *The European Union's Roles in International Politics: Concepts and analysis*, London and New York: Routledge, 47 – 65.

MANNERS, Ian and WHITMAN, Richard G., (1998). „Towards identifying the international identity of the European union: A framework for analysis of the EU's network of relationship", *Journal of European Integration* 21, 231 – 249.

MANNERS, Ian, (2002). „Normative Power Europe. A contradiction in terms?", *Journal of Common Market Studies*, volume 40(2), 235 - 258.

MANNERS, Ian, (2006). „Normative power Europe reconsidered: beyond the crossroads", *Journal of European Public Policy* 13(2), 182 – 199. (a)

MERLINGEN, M., (2007). "Everything is Dangerous: A Critique of Normative Power Europe", *Security Dialogue,* 38(4), 435 – 453.

NUNES, Isabel Ferreira, (2011). „Civilian, Normative, and Ethical Power Europe: Role Claims and EU Discourses", *European Foreign Affairs Review*, 16, 1 – 20.

SJÖSTED, Gunnar, (1997). *The external role of the European Community*, Farnborough (Hampshire): Saxon House.

SJURSEN, Helen, (2006). „What kind of power*?*", *Journal of European Public Policy*, 13(2), 169 – 181.

SJURSEN, Helene, (2006). „The EU as a 'normative' power: how can this be?", *Journal of European Public Policy,* 13(2), 235-251. (б)

SMITH, Karen E., (2008). *European Union Foreign Policy in a Changing World*, Cambridge: Polity Press.

TOCCI, Nathalie, (2008). „Profiling Normative Foreign Policy: The European Union and its Global Partners", **in** Tocci, Nathalie (ed.) *Who is a Normative Foreign Policy Actor? The European Union and its Global Partners*, Brussels: Centre for European Policy Studies, 1 – 21.

WHITMAN, Richard G., (2011). „Norms, Power and Europe: A New Agenda for Study of the EU and International Relations", **in** Whitman, Richard G. (ed.) *Normative Power Europe. Empirical and Theoretical Perspectives*, Basingstoke: Palgrave Macmillan, 1 – 24.

WHITMAN, Richard G. (ed.), (2011). *Normative Power Europe. Empirical and Theoretical Perspectives*, Basingstoke: Palgrave Macmillan.

ZIELONKA, Jan, (2011). „The EU as an International Actor: Unique or Ordinary?", *European Foreign Affairs Review,* 16, 281 – 301.